[redacted]

Република Северна Македонија Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedure Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën Dytë

| | | | |
|---|---|---|---|
| Примено: | 26.11.2021 | | |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| | 1005-1125/1 | | |

Државна комисија за одлучување во втор степен ... на инспекцискиот надзор ... постапка

| | | | |
|---|---|---|---|
| Примено: | 26.11.2021 | | |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

( Образец ПП……)

**До:** Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted] Република Северна Македонија, [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: /

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Во периодот од 01.01.2021 до 26.11.2021 година на колку од барањата за доставување на списите по предметот од управниот суд сте одговориле позитивно, а на колку од барањата не сте можеле да ги доставите списите бидејќи ги нема кај првостепениот орган
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго / или на др. начин најпогоден за Имателот

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго / или на др. начин најпогоден за Имателот

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје 26.11 2021 година .

[redacted] Потпис

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

07.12. 2021 година

**Архивски број:** 1005 - 1125/3

Врз основа на член 20 став 7 од Законот за општа управна постапка ( „Службен весник на РМ" бр.145/15) и член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), а во врска со член 8 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**за постапување по Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-1125/1 од 26.11.2021 година поднесено од [redacted] **СЕ УВАЖУВА.**

## Образложение

На ден 26.11.2021 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен доставено е Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од лицето Елена Јаман и истото е заведено под број 1105-1125/1.

Во барањето е наведено дека подносителот на барањето [redacted] од имателот на информација од јавен карактер, во овој случај Државната комисија, бара информација за тоа на колку од барањата за доставување на списите по предмети од Управниот суд имателот одговорил позитивно, а на колку од барањата имателот не можел да ги достави бараните списи бидејќи биле кај првостепениот орган.

Начинот на кој барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација е електронски запис или на друг начин најпогоден за имателот, а начинот на доставување на информацијата е по е-маил или на друг начин најпогоден за имателот.

Постапувајќи по поднесеното барање за пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-1125/1 од 26.11.2021 година, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос втор степен донесе одлука барањето да се уважи, но бараната информација нема да биде доставена.

Имено, согласно Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на РМ" бр.51/2011,

148/2013, 41/2014, 130/20214, 53/2016, 11/2018 и 122/18), Државната комисија нема законска обврска да изготвува месечни, квартални, периодични извештаи, кои би ја содржеле и информацијата која Вие ја барате.

Согласно член 6 од погоре цитираниот Закон, Државната комисија изготвува Годишен извештај кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.

Од сето погоре наведено произлегува дека Државната комисија нема законска обврска во овој момент да располага со информацијата која Вие ја барате во доставеното Барање за пристап до информации од јавен карактер и поради тоа информацијата која Вие ја барате нема да Ви биде доставена.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисја одлучи како во диспозитивот на Решението.

Правна поука: Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

*Изготвил: Наталија С. Филипова*